ПРОЦЕДУРА ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ НА НЕПРАВИЛНОСТИ

1. ПРЕДМЕТ

1.1. Со оваа процедура се утврдува постапката за известување на неправилности, сомнежи за измами или корупција.

1.2. Со оваа процедура се опишуваат следните активности:

1.2.1. Постапување на подносителите на пријавите за неправилности, сомнежи за измами или корупција кои можат да бидат вработените во општина Конче, вработени во јавниот сектор, како и домашни и странски физички и правни лицанадвор од јавниот сектор.

1.2.2. Постапување на лице задолжено за неправилности.

2. ПОДРАЧЈЕ НА ПРИМЕНА

2.1. Процедурата е наменета за вработените во општина Конче, како и лицето задолжено за неправилности.

2.2. Одговорноста за доследна примена на оваа процедура е на Градоначалникот на општина Конче.

3. ВРСКА СО ДРУГИ ДОКУМЕНТИ

3.1. Закон за јавна внатрешна финансиска контрола

3.2. Уредба за постапка за спречување на неправилности, начинот на меѓусебна соработка, формта, содржината, роковите и начинот на известување за неправилностите

3.3. Стандрард 23 Известување за неправилности

4. ПРОЦЕДУРА

4.1. Подносител на пријава за неправилност

4.1.1 подносителот на пријава за неправилност и сомнеж за измама или корупција, информацијата може да ја достави до лицето задолжено за неправилности писмено, телефонски по електронска пошта, лично или анонимно.

4.1.2. На вработените вклучувајки ги и внатрешните ревизори кои пријавиле неправилност или сомнеж за измама им се обезбедува заштита на идентитетот и стекнатите права од работен однос врз основа на закон.

4.2. Лице задолжено за неправилности

4.2.1. Лицата задолжени за неправилности треба даа поминат обука за стручно оспособување согласно програмата за обука на Единицата во Управата за финансиска полиција, како и постојано да се оспособуваат и да ги усовршуваат стручните способности и вештини преку организирани обуки.

4.2.2. Активнности на лицето задолжено за неправилности:

- Врши прием на извештаи за неправилности и сомнежи за измами или корупција,
- Ги следи активностите по известувањата за утврдени неправилности и сомнежи за измами или корупција како и за превземените мерки,
- Редеовно известува за утврдените неправилности и сомнежи за измами или корупција и за превземените мерки,
- Ги проверува и обединува извештаите за неправилностите и сомнежите за измами или корупција и истите ги доставува до Единицата во Управата за финансиска полиција,
- Врши архивирање и чување на прибраната документација,
- Води евидентна книга на неправилности,
- Соработува со Единицата во Управата за финансиска полиција и други надлежни органи вклучени во спречување на неправилности и сомнежи за измами или корупција,
- Соработува со внатрешната ревизија и лицата вклучени во финансиското управување и контрола со цел унапредување на системот на јавна внатрешна финансика контрола.

4.3 Евидентна книга
4.3.1. Општина Конче воспоставува и водиЕвидентна книга на неправилности. Податоците од Евидентната книга на неправилности се доверливи и се означуваат како класифицирани информации.

4.4. Постапување по пријава за неправилности
4.4.1. Лицето задолжено за неправилности за примената пријава за неправилности и и сомнежи за измами или корупција составува белешка и пријавата за заведува во Евидентната книга на неправилности.
4.4.2. Лицето задолжено за неправилности, по добиеното известување за постоење на неправилности или сомнеж за измами или корупција, ги превзема потребните мерки и за тоа ги известува Јавното обвинителство, Единицата во Управата за финансиска полиција и финансиска инспекција.
4.4.3. Лицето задолжено за неправилности во рок од 15 дена во пишана форма, за превземените мерки, го известува подносителот на пријавата, освен во случај на анонимна пријава.
4.4.4. Доколку информацијата за непрвилност и сомнеж за измама или корупција се однесува на раководителот на субјарктот од јавниот сектор, лицето задолжено за неправилности ќе ги превземе сите потребни мерки за да ги информира органите од точка 4.4.2. на оваа процедура.
4.4.5. Лицето задолжено за неправилности на соодветен начин го следи текот на постапување по утврдените неправилности и сомнежи за измами или корупција при користење на јавни средства.

4.5. Извештаи

4.5.1. Лицето задолжено за неправилности поднесува извештај до Единицата во Управата за финансиска полиција , за сите неправилности и сомнежи за измами или корупција при користење на јавни средства.

4.5.2. извештајот се поднесува четири пати месечно и тоа за период:

- Од јануари до март тековната година, до 30 април тековната година;
- Од април до јуни тековната година, до 31 јули тековната година;
- Од јули до септември тековната година, до 31 октомври тековната година;
- Од октомври до декември тековната година, до 31 јамуари наредната година;

4.5.3.Извештајот се поднесува и во случај кога не се пријавени неправилности и сомнежи за измами и корупција.

4.5.4. Во случај на утврдени неправилности и сомнежи за измами или корупција, извештајот се поднесува до потполно решавање на случаите на неправилности и сомнежи за измами или коруција, односно поврат на средствата.

Број 09-874/1 — Општина Конче
Дата 06.04.2026 — Градоначалник,
Конче — Златко Ристов,